# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВОСПИТНАТА РАБОТА НА НАСТАВНИКОТ СО ПРИМЕНА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ

**Беса Хавзиу**
*Филозофски факултет - Педагогија, Тетово*
*besah_80@yahoo.com*

**Марина Богојевска**
*ОУ Братство Милени, Тетово*

*УДК: 37.015.31*

**Апстракт**

Наставникот на часовите ги поучува, но и ги учи учениците како да учат, при што истовремено и воспитно дејствува на нив. За да постигне подобри резултати во современата настава во својата воспитна работа, тој треба да применува низа воспитни методи меѓу кои е и поттикнувањето со кое го насочува нивното однесување во позитивна насока при стекнувањето на знаења, умеења, вештини, вредности и ставови. Во современата настава со градењето на интеракцијата помеѓу наставникот и ученикот поттикнувањето добива на значење. Ученикот е повратно информиран за својот напредок на часот од страна на наставникот и тоа на начин кој го води кон понатамошен успех. Ако ученикот е на добар пат во процесот на учењето, тој е поттикнуван од страна на наставникот и продолжува во насока на постигнување нов успех. Имено, наставникот преку неколкуте видови знаци и средства на поттикнување го води ученикот до реализација на поставените цели на часот. Но, често пати учениците наидуваат и на непремостливи пречки и токму во такви моменти наставникот треба да им дава поддршка за да ги надминат пречките и да доживеат успех. Средствата и знаците за поттикнување во современата настава се побројни и посодржајни затоа што оваа настава поаѓа од ставот дека ученикот е активен субјект во стекнувањето на знаењата и умеењата, а не само пасивен примател на информации. Според тоа, како цел на нашето истражување е: да се согледа видот и зачестеноста во примената на поттикнувањето воопшто и поедините средства во наставната работа т.е. откривање кои се тие, колку се осмислени и образложени од страна на наставниците во основното образование. Добиените резултати треба да послужат за откривање и надминување на воочените пропусти во воспитно-образовната работа на наставниците од аспект на примена на поттикнувањето.

**Клучни зборови:** *наставник, ученик, поттикнување, поттикнувачки знаци и поттикнувачки средства*

**Вовед**

Во современата настава со градењето на интеракцијата помеѓу наставникот и ученикот, поттикнувањето добива на значење. Ученикот е повратно информиран за својот напредок на часот од страна на наставникот и тоа на начин кој го води кон понатамошен успех. Голема е улогата на наставникот во креирањето и реализацијата на дејноста следствено на тоа и во исходот од самата реализација. За да се постигнат позитивни ефекти во воспитно-образовната работа наставникот треба да е пред сè професионалец, добар воспитувач, демократски ориентирана личност и да

има изградено позитивни морални вредности. За да има успешна реализација на воспитно-образовна работа тој треба меѓу другото да гради интеракциски однос со учениците и да ги почитува како личности. Воедно треба да создаде поволна клима во секоја паралелка како основ за успешна воспитно-образовна дејност. Наставникот преку неколку видови знаци и средства на поттикнување го води ученикот до реализација на поставените цели на часот. Често пати учениците наидуваат и на непремостливи пречки и токму во таквите моменти наставникот треба да им дава поддршка за нивно надминување и постигнување успеси. Средствата и знаците за поттикнување во современата настава сè побројни и посодржајни, затоа што оваа настава поаѓа од ставот дека ученикот е активен субјект во стекнувањето на знаењата и умеењата, а не само пасивен примател на информации. Средствата и знаците за поттикнување во современата настава се побројни и посодржајни, затоа што оваа настава поаѓа од ставот дека ученикот е активен субјект во стекнувањето на знаењата и умеењата, а не само пасивен примател на информации. Со ова истражување направен е обид да се согледа примената на поттикнувањето како воспитен метод, како и видовите на поттикнување и нивната зачестеност во наставата во основното училиште.

## 1. Поттикнувањето како метод и неговата примена во наставата

Поттикнувањето како воспитен метод се потпира на педагошкиот оптимизам на наставникот дека со правилна организација на воспитно-образовниот процес ќе се постигнат поттикнувачки резултати за максимален развој на психофизичките можности на учениците. **„Овој метод треба да се применува тогаш кога се сака воспитаникот да се мотивира за постигнување на подобри резултати во однесувањето, во наставата, или за зачувување на посаканиот успех“.** (Емерлаху, Д., 1998, стр.84 ).Овој метод е поврзан и со емоциите, па преку средствата влијае врз длабоко доживување на успехот во учењето и однесувањето кај учениците. Затоа **„потребно е постојано информирање на учениците за постигнатите резултати за време на учењето на ученикот“.** (Костова, М. 2004, стр.107). Уште во античкото време, познатиот педагог М. Ф. Квинтилијан напомнал дека учениците се делат на два типа: екстровертни и интровертни. Имено, тој ја истакнал и потребата во согласност од типот да се приспособи и педагошкото влијание. Екстровертните ученици се отворени и комуникативни личности и со нив треба да се внимава кога се пофалуваат или поддржуваат, при што ако се надминат пофалбите ќе се постигнат несакани ефекти. Исто така не смеат ниту да се обесхрабруваат и игнорираат, затоа што може да се постигне негативен ефект, односно морална демотивација. Наспроти нив, пак, интровертните личности кои се повлечени во себе треба да се пофалат за да стекнат самодоверба. Кога станува збор за поттикнувањето како комплексен воспитен метод, не може да се одреди систем на јасни критериуми за категоризација на различните видови поттикнувања. Една од поделбите кои се јавуваат во литературата се четирите општи класификации:

- материјални поттикнувања;
- поттикнувања во вид на симболи;
- социјални и вербални поттикнувања и
- поттикнувања во вид на активности.

### *а) Поттикнувачки знаци*

Во поттикнување исто така спаѓаат поттикнувачките знаци и поттикнувачките средства, што претставува и уште еден обид за класификација на овој воспитен метод, кој од аспект на примена во наставата е мошне прифатлив. Во современата наставата, која се реализира во основните училишта, најчесто се применуваат вербалните знаци во функција на поттикнување. Тука спаѓаат зборовите и кратките реченици дадени од страна на наставникот, а кои се однесуваат на постигнувањата на ученикот на часот. Тоа се најчесто неколку збора или кратки афирмативни реченици кои ги упатува наставникот кон учениците кога сака да им соопшти дека ги следи, но и дека има позитивно мислење за нивното покажано знаење, умеење, вештина и сл. Од невербалните знаци кои се применуваат од страна на наставникот, најчесто се користат движењата на телото, изразени преку движења со главата и насмевката, во знак на одобрување за покажаното знаење или позитивно однесување на ученикот. Вербалните и невербалните знаци како вид на поттикнување, претставуваат воопштена реакција на наставникот која најчесто е во вид на едноставна афирмација на одговорот на ученикот или неговото однесување. Овој вид поттикнување се однесува најчесто на:

- воопштени зборови (Да, добро,така...);
- кратки реченици (Добро направи. Ти напредуваш...);
- невербални фацијални знакови (насмевка);
- покрети на телото (движење со главата).

Основната карактеристика на вербалните и невербалните знаци е тоа што тие не дават опис на поединостите на ученичките извршени задачи. Тие исто така не даваат потполна информација за ученичките резултати во процесот на учењето или пак на однесувањето на учениците, но со нив сепак се обезбедува контакт на ученикот со наставникот што одговара на ситуацијата на двонасочна комуникација. Преку овие знаци наставникот ја насочува и одржува комуникацијата со учениците и дава афирмативни пораки до учениците кои се потврда дека наставникот ги следи нивните активности на часот. **За да се постигне слободна и доброволна соработка на воспитаникот воспитувачот треба да ги објаснува, образложува и аргументира постапките".** (Костова, М. 2004, стр.107). Ученикот секогаш треба да биде известен за резултатите од учењето. **„Известувањето за резултатите во учењето треба да е што попрецизно, што поспецифично, а не општо и неопределено"**. (Лазароски, Ј. 1980, стр.230). Притоа, наставникот требна да користи зборови кои се јасни и недвосмислени, мотивирачки и соодветни на возраста на учениците и ситуацијата.

### *б) Поттикнувачки средства*

Од античко време па до денес, најчести средства за поттикнување се: охрабрувањето, доживувањето на успех, давањето на признание, ветувањето, поддршката, пофалбата, наградата, натпреварот, личниот пример на наставник и др. Секое средство има своја намена и целисходно применето води кон постигнување подобри резултати на полето на личниот напредок кај ученикот во процесот на учењето. Комбинацијата на поттикнувачките знаци и средства, води кон правилна и успешна примена на поттикнувањето. Зборот и гестот во комбинација со некое од

средствата на поттикнување, го насочува и мотивира ученикот, ја одржува неговата концентрација и успех.

## 2. Методологија на истражувањето

***Хипотеза на истражувањето***: *Наставниците во основно образование за да ги поттикнат учениците на часовите, применуваат главно стереотипни знаци и средства на поттикнување (збор, кратки реченици и некоордонираност на говорот и гестот).*

***Целта на истражувањето :***

а) Да се согледа видот и зачестеноста во примената на поттикнувањето како воспитен метод воопшто и поедините негови знаци и средства во наставната работа од страна на наставниците.
б) Да се согледа начинот на примена на одредени знаци и средствата за поттикнување т.е. откривање кои се тие, колку се осмислени и образложени од страна на наставниците.

***Методи кои се користени за оваа истражување***

Д**ескриптивен метод** (при опис на поттикнувањето и видовите поттикнувачки средства од страна на наставникот), **компаративен метод** при вршење споредба на податоците за видот на поттикнувањата со нивната зачестеност, **метод на заклучување** при средување на податоците во табели и нивна интерпретација, **анализа на добиенипоказатели и податоци** при нивно средување

***Техники:*** **техника на непосредно систематско набљудување** на однесувањето, во случајов на наставникот.

***Инструменти:*** **протокол** кој опфаќа евидентирање, анализирање и проценување на поттикнувањето и видовите средства на поттикнување и нивниот број и зачестеност на часовите по наставни предмети. Имено, запишувани се сите знаци и средства за поттикнување употребени од страна на наставникот кон ученикот. Тие се:

а) знаци
- *зборовите*: „да“, „ добро“, „така“, „продолжи“, и „одлично“.
- *речениците*: „Така е добро“ „Само така продолжи“, „На вистински пат си“, „Во ред е, „Ти напредуваш“.
- движења *на телото*: кимање со глава и насмевка.

б) средства: *охрабрувањето, пофалбата, наградата, оценување ипозитивниот пример*

***Варијабли***: *Независна варијабла* (возраста на учениците) и *зависни варијабли* (видовите на средствата за поттикнување од страна на наставникот за време на часот, степенот на зачестеност на средствата за поттикнување употребени од страна на наставникот за време на часот).

***Примерок на истражувањето***

Вкупно во истражувањето се опфатени 120 ученици од петто одделение од ОУ „Братство - Миѓени“ од Тетово со настава на македонски и на албански јазик. Изразено во проценти тоа е околу 80% од вкупната популација на ученици. Изборот е направен на петтоодделенците со оглед на фактот дека тоа е период на премин од одделенска во предметна настава и воедно период на адаптација на наставниците и учениците. Опфатени се сите 8 наставници кои изведуваат настава по мајчин јазик, англиски јазик, биологија и математика во четирите паралелки од петто одделение во наставата на македонски и на албански јазик. Имено, ист наставник изведува настава во петтите одделенија, се разбира на ниво на наставен јазик. Со тоа се обезбедува и веродостојност на добиените податоци на ниво на одделение. Наставниците се посетени на часови за обработка на нова наставна содржина, како и на часови за утврдување и тоа во еднаков однос, а вкупно се посетени 16 часа или по 2 часа на наставник (1 час за обработка на нова наставна содржина и 1 час за утврдување).

## 3. Анализа и интерпретација на резултатите

***Зачестена примена на мерките на поттикнување***

Во интерес на трудот ќе приложиме само дел од резултатите добиени преку спроведеното истражување. Како прв чекор, од анализата на добиените податоци со систематското набљудување беше утврдувањето во која мера поттикнувањето се применува во наставата и тоа изразено преку глобалните категории (вербалните и невербалните знаци како и средствата за поттикнување). Во протоколот се евидентирани зборови и реченици користени од страна на наставниците како поттикнување за ученикот и тие се всушност вербални знаци. Забележени се, исто така, и движења на телото на наставниците кои се невербални знаци на поттикнување користени од наставниците, а упатени на ученикот. Понатаму се забележани средствата за поттикнување како: охрабрување, пофалба, награда и позитивен пример дадени од страна на наставниците и учениците. Пресметани се просечни вредности на зачестеност на јавување на секоја од категориите (вербални и невербални), а потоа е пресметана и нивната аритметичка средина и таа се однесува на вкупниот број знаци користени од сите наставници по сите наставни предмети на двата наставни јазика. Од податоците внесени во табелата бр.1 може да се констатира дека наставниците најчесто користат зборови како средства на вербално поттикнување. Зборовите кои ги користат тие се многу стереотипни и често пати недоволно мотивирачки за учениците при што не им даваат образложена повратна информација. Помалку се користат покретите на телото, а најмалку речениците, иако речениците даваат подобар опис на напредокот на учениците од зборот или од покретите на телото.

**Табела 1.** Просечна зачестеност на вербалните и невербалните знаци за време на часовите

| Знаци | Вкупен број на употребени на сите часови | M по наставник |
|---|---|---|
| Зборови | 64 | 8 |
| Реченици | 23 | 2,87 |
| покрети на тело | 35 | 4,37 |

Во продолжение ќе приложиме дел од резултатите добиени преку набљудување на просечна зачестеност на средствата за поттикнување од страна на наставниците кои предаваат во основно образование. Од податоците внесени во табела бр. 2 може да се заклучи дека најмногу е користено охрабрувањето, а најмалку наградата. Речиси приближно исто се користени пофалбата и позитивниот пример.

**Табела 2.** Просечна зачестеност на средствата за поттикнување

| Средства на поттикнување | Вкупен број на употребени на сите часови | M по наставник |
|---|---|---|
| охрабрување | 33 | 4,125 |
| пофалба | 18 | 2,25 |
| награда | 9 | 1,125 |
| позитивниот пример<br>оценување | 16<br>5 | 2<br>0,625 |

Од податоците може да се заклучи дека најмногу е користено охрабрувањето, а најмалку оценувањето. Приближно исто се користени пофалбата и позитивниот пример. Најчесто употребувани начини за охрабрување на учениците беа разбирањето и прифаќањето на ученичкото знаење, со намера да му се укаже на ученикот дека е на прав пат и така да продолжи. Тоа беше навремено дадено, во спротивно ***„акоохрабрувањетонедадерезултат, тоазначидекаеодбранпогрешен момент“.*** (Пандилоска,С. 2008, стр.68) Пофалбата од страна на наставниците најчесто беше во вид на позитивна изјава дадена за ученичкото напредување. Тие беа пофалувани за точно одговореното. Наставниците на часовите оценија неколку ученици, а оценките беа позитивни. Но, освен што им беше кажано дека е добро, многу малку се објасни зошто ученикот ја добива таа оценка. Освен оценка, друг вид награда од страна на наставниците за постигнатиот успех кај учениците имаше во вид на нивно вклучување во разни училишни активности. Позитивен пример беше даден само во неколку случаи и тоа во вид на изјави и активност. Тие упатуваа на очекувано однесување од страна на учениците, а тоа однесување беше последица на позитивните примери кои ги покажаа наставниците или учениците.

## Заклучок

Истражувањето докажа дека наставниците во основно образование за поттикнување на учениците на часовите, применуваат главно мошне стереотипни воспитни мерки и средства на поттикнување. Наставниците на часовите најчесто употребуваа зборови како средства за поттикнување на учениците, а поретко реченици и ако ги употребуваа, тие беа кратки. Наставниците понатаму применуваа или вербални или невербални знаци, а поретко имаше нивна комбинација. Како најчесто употребувани средства на поттикнување се охрабрувањето и тоа најчесто со зборови, а најмалку со реченици, иако реченицата дава подобра повратна информација до ученикот. Многу ретко е употребувана наградата и тоа најчесто преку оценување на учениците со позитивна оценка. Тоа се должи и на фактот што наставниците ретко ги препознаваат ситуациите кога наградата придонесува за напредокот на ученикот. Многу ретко е користен и позитивниот пример било од страна на наставникот или од страна на ученикот. На ниту еден од посетените часови не се забележа давање признание и ветување, немаше ниту натпревар од каков и да е вид. Интенција е овие резултати да им се презентираат на наставниците, со цел да се анимира потребата од посодржајно користење на поттикнувањето како воспитна мерка во наставата.

Од сето ова што претходно го елаборираме може да заклучиме дека наставниците во иднина треба да се едуцираат и мотивираат, да применуваат повеќе поттикнувачки знаци и средства и нивно комбинирање. Исто така поттикнувачките средства треба да бидат позастапени и образложени на часовите од страна на наставниците.

## Користена литература

1. Емерлаху, Д.(1998). *Основи на методиката на воспитна работа*. Приштина: Учителски факултет при Приштинскиот универзитет.
2. Костова, М. (2004). *Методика на воспитна работа( материјал за интерна употреба)*. Скопје: Филозофски факултет
3. Лазароски, Ј. (1980). *Основи на педагошката психологија*. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј".
4. Пандилоска, С. (2008). *Дисциплината како средство или цел*. Скопје: Вековишнина
5. Стевановиќ, Б.(1980). *Педагошка психологија*. Белград: Центар за наставни средства.
6. Лалиќ ,Н. (2002). *Примена награде и похвале у школи*. Београд: Институт за педагошка истраживања.